АјДи Дизајн 2012/ДООЕЛ Скопје
Македонско медицинско електронско списание
Волумен 2016; Статија ИД 50023, 5 страници
http://dx.doi.org/10.3889/mmej.2016.50023
eISSN: 1857-9809
***Приказ на случај***

# Епилепсија - третман со акупунктура: приказ на случај

Јихе Зху[1], Благица Арсовска[2], Кристина Козовска[1*]

*[1]Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија; [2]Институт за биологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Скопје, Република Македонија*

**Цитирање:** Зху Ј, Арсовска Б, Козовска К. Епилепсија - третман со акупунктура: приказ на случај. Макед Мед Електр С. 2016 Апр 25; 2016: 50023. http://dx.doi.org/10.3889/mmej.2016.50023

**Клучни зборови:** епилепсија; акупунктура; третман; акупунктурни точки.

[*]**Кореспонденција:** Кристина Козовска. Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија. E-mail: kika_1993_@hotmail.com

**Примено:** 25-Дек-2015; **Ревидирано** 30-Јан-2016; **Прифатено:** 01-Мар-2016; **Објавено:** 25-Апр-2016

**Печатарски права:** © 2016 Јихе Зху, Благица Арсовска, Кристина Козовска. Оваа статија е со отворен пристап дистрибуирана под условите на Нелокализирана лиценца, која овозможува неограничена употреба, дистрибуција и репродукција на било кој медиум, доколку се цитираат оригиналниот(ите) автор(и) и изворот.

**Конкурентски интереси:** Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси.

**Извадок**

**ЦЕЛ:** Целта на овој труд е да се прикаже случај со епилепсија, состојбата пред и после третманот со акупунктура и ефектите на акупунктурниот третман.

**МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ:** Во трудот е прикажан случај на пациент кој е дијагностициран со епилепсија. Пациентот е 62 годишен маж, по професија боксер, при што епилепсијата настанува од силни физички удари во пределот на главата. Терапијата се состоеше од акупунктура и вендузи терапија изведена од специјалист по акупунктура.

**РЕЗУЛТАТИ:** Уште при првиот третман, пациентот изјавил дека веднаш забележал подобрување на состојбата, а последните 2 години правел третмани за превенција.

**ЗАКЛУЧОК:** Акупунктурниот третман е насочен кон целосно искоренување на причината за болеста, иако понекогаш е потребно повеќе време за да се почуствува ефектот. Оние коишто се држат до третманите имаат подобри шанси кон успех. За една сериозна состојба како што е епилепсијата, акупунктурата дава задоволувачки резултати и значително подобрување на состојбата.

# Epilepsy - Treatment with Acupuncture: Case Peport

Jihe Zhu[1], Blagica Arsovska[2], Kristina Kozovska[1*]

*[1]Faculty of Medical Sciences, University Goce Delcev – Stip, Republic of Macedonia; [2]Institute of Biology, Faculty of Natural Sciences and Mathematics – Skopje, Ss Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia*

**Citation:** Zhu J, Arsovska B, Kozovska K. [Epilepsy - Treatment with Acupuncture: Case Peport]. Maced Med Electr J. 2016 Apr 25; 2016:50023. [Macedonian] http://dx.doi.org/10.3889/mmej.2016.50023

**Key words:** epilepsy; acupuncture; treatment; acupoints.

[*]**Correspondence:** Kristina Kozovska. Faculty of Medical Sciences, University Goce Delcev – Stip, Republic of Macedonia E-mail: kika_1993_@hotmail.com

**Received:** 25-Dec-2015; **Revised:** 30-Jan-2016; **Accepted:** 01-Mar-2016; **Published:** 25-Apr-2016

**Copyright:** © 2016 Jihe Zhu, Blagica Arsovska, Kristina Kozovska. This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution License, which permits unrestricted use, distribution, and reproduction in any medium, provided the original author(s) and source are credited.

**Competing Interests:** The authors have declared that no competing interests exist.

**Abstract**

**AIM:** The aim of this work is to show a case of epilepsy, the condition before and after the treatment and the effects of the acupuncture treatment.

**MATERIAL AND METHODS:** In this case is shown a patient diagnosed with epilepsy. The patient is a 62 year old male, boxer by profession, with epilepsy occured from strong physical strikes on the head. Treatments were consisted of acupuncture and cupping therapy performed by a specialist in acupuncture.

**RESULTS:** Since the first treatment, the patient said he immediately noticed the improvement of the situation, and the last 2 years he is doing treatments for prevention.

**CONCLUSION:** Acupuncture treatment is directed towards complete eradication of the cause of the disease, although sometimes it takes more time to feel the effect. Those who stick to the treatments have a better chance to succeed. For a serious condition such as epilepsy, acupuncture treatment gives satisfying results and improves the condition significantly.

## Вовед

Епилепсијата претставува транзиторно растројство на функцијата на мозокот. Епилептичниот напад, кој се јавува во вид на конвулзија, е резултат на преголемо иритирање и надразнување на нервните структури. Кога ќе се појави нападот, според пореметувањето на мозочната функција е идентичен како другите невролошки испади како хипертонија, анестезија, парализа и сл. Причините за појава на епилепсија се многубројни. Може да биде предизвикана од различни конгенитални аномалии и малформации на мозокот, дегенеративни заболувања, трауми на главата, инфекции, тумори, васкуларни заболувања и друго. Генерализираните тонично-клонични напади се манифестираат со нагло губење на свеста, тоничен грч, по што следат клонични конвулзии следени со вегетативни манифестации. Нападите секогаш започнуваат нагло, со иницијален крик при што болниот ја губи свеста [1]. Во Македонија има околу 25000 до 30000 пациенти. Инциденцата е 1 нов болен на 2000 жители, а во светот има околу 60 милиони епилептичари [2, 3].

Епилептичните напади се сложени процеси, кои се јавуваат како резултат на промените во ексцитабилноста на невроните. Зголемената ексцитабилност се препишува на промените што се случуваат во невроните и глијалните клетки. Во невроните тоа главно се должи на нивната вродена (природна) способност кои можат да се распрснат внатре во кортексот и хипокампусот, променливите својства на мембраната, дисбалансот помеѓу стимулирачката и инхибиторна трансмисија и промените во постоечките синаптички контакти или во воспоставувањето на нови синаптички контакти. Во глијалните клетки тоа се должи на нивната нарушена способност за одржување на глутаматот и K+ хомеостазата. Механизмот со кој акупунктурата има антиепилептички ефект се должи на нормализацијата на оваа нарушена невронска ексцитабилност преку повеќе ефекти на различни нивоа (од клетки до молекули), со различно времетрање и во различни фази на епилепсијата. Овој механизам вклучува промени на невронската електрична активност, регулација на активноста на биоремедијаторите како аминокиселините, моноамините, неуропептиди и други, превенција на повредата на невронот предизвикана од надот, синаптичка реорганизација, дендрично ремоделирање во областите на нападот и регулација на активноста во јонските канали [4]. Од направените студии и испитувања на животински модели се смета дека механизамот при кој акупунктурата делува супресивно на епилептичните напади е преку ослободување на невротрансмитери како ендогените опиодни пептиди, серотонин и гама-бутирична киселина [5].

Акупунктурниот третман како дел од Традиционалната Кинеска Медицина се користи многу често при лекување на епилепсијата и притоа се покажал како безбеден, ефикасен и компатибилен третман со минимално несакани ефекти кој придонесува за намалување и регулирање на интензитетот на нападите [6].

## Материјали и методи

Во трудот е прикажан случај на пациент - 62 годишен маж кој е дијагностициран со епилепсија. Пациентот е по професија боксер, при што епилепсијата настанува од силни физички удари во пределот на главата, односно станува збор трауматски индицирана епилепсија. Првиот епилептичен напад го доживеал во 1982 година. Прв пат во ординацијата се има јавено на 22.04.2007 година, кога го има направено и првиот третман. Акупунктурните третмани се направени од страна на специјаалист по акупунктура, со користење на стерилни акупунктурни игли со димензии 0.25 x 25 мм произведени од Wuijuiang City Medical & Health Material Co., LTD. Акупунктурата е направена во затворена просторија натемпература од околу 25 степени, во времетраење од 35-40 минути. При третманот беа обработени акупунктурните точки: BaiHiu (DU20), SiShenCong (3 cm од BaiHui), TaiYang (EX-HN5), RenZhong (DU26), TianTu (RN22), HuaGai (RN20), TanZhong (RN17), NeiGuan (PC5), ZhongWan (RN12), QiHai (RN6), TianShu (ST25), XueHai (SP10), YinLing,Quan (SP9), ZuSanLi (ST36), YangLingQuan (GB34), SanYinJiao (SP6), TaiChong (LR2), YongChong (K1), FengChi (GB20), FengFu (DU16), DaZhui (DU14), ShenShu (BL23), DaChangShu (BL25). После секој акупунктурен третман е направено терапија со вендузи т.е. капинг во времетраење од 5-10 минути за детоксикација на грбните мускули. Користени се стаклени вендузи со оган, без вакуум пумпа т.е. огнени вендузи (fire cupping).

Акупунктурниот третман за епилепсија помага да се регулира и обнови протокот на Чи енергијата во телото која тече низ посебни патишта во телото, наречени меридијани. Кај луѓето без епилепсија проток на енергијата е балансиран. Кај епилептичарите протокот на енергијата е отежнат и целта на третманот е да го врати непречениот проток на енергијата низ телото. За да се поврати енергијата, во телото се боцкаат мали стерилни игли на точките на меридијаните низ кои тече енергијата. Кај епилептичари тоа се точки кои влијаат врз енергијата на мозокот и го зголемуваат протокот на крв до мозокот. За да биде сигурно дали

корекцијата на протокот на енергијата трае, обично се препорачува пиење на билни чаеви [6]. Quan Tian Ma Jiao Nang чајот кој беше препорачан за нашиот пациент е билка од фамилијата Orchidaceae и за пиење се користи сушен корен од билката. Чајот се користи како третман при главоболки, тетанус, спазам, тремор, хемиплегија, епилепсија, деменција, вртоглавица, вкочанетост и друго. Од акупунктурните точки користени се:

BaiHui (Du20) - Се наоѓа на средната линија на главата, од врвовите на ушите, по средната линија точно каде што се сретнуваат. Преку оваа точка минуваат сите Јанг меридијани на телото. Се користи кога има вишок Јанг енергија во телото, дисбаланс на Јанг или ниска енергија, кога има состојби како хипертензија, тинитус, главоболка, вртоглавица, ментални нарушувања, епилептични напади и др.

SiShenCong - Група од 4 точки распоредени околу точката BaiHui кои се користат при епилепсија, главоболка, вртоглавица, мозочен удар и др. и најчесто во комбинација со точката BaiHui.

TaiYang (EX-HN5) - Се наоѓа на слепоочната коска, 1 цун латерално од средната линија на окото. Се користи при главоболки, мигрена, фацијална парализа, фронтален синузитис и сл.

RenZhong (DU26) - Се наоѓа под носот т.е. на коренот на носот. Се користи за да се смири духот и да се подобри свесноста при ненадејно губење на свест, при коматозни состојби, епилепсија, главоболки и др.

TianTu (RN22) - Се наоѓа во центарот на супрастерналната фоса, помеѓу двата медијални завршетоци на клавикулите. Се користи при хепертиреодизам, бронхитис, астма, при парализа на гласните жици, проблеми со зборувањето и ја регулира Чи енергијата.

HuaGai (RN20) - Се наоѓа на средната стернална линија, во линија со првиот интеркостален простор. Се користи при бронхитис, проблеми со глатисот, диспнеа, проблеми со зборување и др.

TanZhong (RN17) - Се наоѓа на ниво на четвртиот интеркостален простор, на антериорната торакална регија. Се користи за регулирање, тонифицирање и раздвижување на Чи енергијата и крвната циркулација, за намалување на болки, астма, палпитации и сл.

NeiGuan (PC5) - Локализирана е 2 цуни над рачниот зглоб помеѓу тетивите на palmaris longus и flexor carpi radialis. Се користи при инсомнија, душевни заболувања, стрес, анксиозност, слаба меморија, палпитации, повраќање и др.

ZhongWan (RN12) - Се наоѓа на средната линија на стомакот, 4 цуни над умбиликус. Се користи за да се тонифицира Чи енергијата, при заболувања на слезенката и стомакот, повраќање, диспепсија, рефлукс, несоница, анксиозност и др.

QiHai (RN6) - Оваа точка е лоцирана на долниот дел од абдоменот, 1.5 цуни под умбиликус. Се користи за ублажување при колапс, умор, дијареа, несоница, општа слабост, има силно дејство при тонифицирање и регулирање на Чи енергијата.

TianShu (ST25) - Точката се наоѓа 2 цуни латерално од умбиликус. Го ублажува и смирува умот, ги раздвижува и оживува Чи енергијата и крвта, ја намалува болката и сл.

XueHai (SP10) - Се наоѓа на коленото, 2 цуни над пателата. Ја оживува енергијата, ги отстранува блокадите, ја намалува болката и сл.

YinLingQuan (SP9) - Се наоѓа на долната граница на медијалниот кондил на тибијата. Ја тонифицира и регулира Чи енергијата на малиот мозок и понсот, се користи при палпитации, слаб апетит, енеуреза и др.

ZuSanLi (ST36) - Се наоѓа под коленото, на антериорната страна на тибијалниот мускул, на меридијанот на стомакот. Го зголемува крвотокот во мозокот, ја зголемува активноста на симпатичките нерви, се користи при слаб имунитет, хронични болести, инсомнија, депресија, анксиозност и др.

YangLingQuan (GB34) - Во депресија антериорно и инфериорно во однос на главата на фибулата. Делува при стагнација на Чи енергијата на црниот дроб и жолчното ќесе, спазами, грчеви, конвулзии, мускулна атрофја, вкочанетост на мускулите и др.

SanYinJiao (SP6) - Се наоѓа 4 прсти над медијалниот малеол на скочниот зглоб. Ја стимулира функцијата на црниот дроб, ги елиминира блокадите и го подобрува протокот на Чи енергијата. Се користи при вртоглавица, заматен вид, тинитус, енеуреза, инсомнија, ноќно потење, анксиозност и др.

TaiChong (LR2) - На дорзумот на стапалото помеѓу првата и втора метатарзална коска. Ги регулира Чи енегијата и крвта во телото, делува смирувачки и помага при несоница, анксиозност, болка, повраќање, главоболки, психолошки нарушувања и кога има прекумерна енергија насобрано во горниот дел од главата.

YongQuan (K1) - На долната страна на стапалото, на линијата каде што се спојуваат вториот и третиот прст на меридијанот на бубрезите. Се користи при епилепсија, шизофренија, губење на свеста, губење на гласот, заматен вид, инсомнија, ноќно потење и др.

FengChi (GB20) - Се наоѓа на местот каде што се спојуваат базата на скалпот и вратот,

латерално од тетивата на трапезоидниот мускул. Се користи при епилептични напади, парализа, тремор, грчеви, вртоглавица, ментални пореметувања и сл.

FengFu (DU16) - Се наоѓа на средината на тилот, веднаш под екстерната окципитална протуберанца. Се користи при несвесно зборување, главоболки, вртоглавица, заматен вид, вртење на очите, губиток на гласот, ментални заболувања и го смирува духот.

DaZhui (DU14) - Се наоѓа под спинозниот израсток на седмиот цервикален пршлен. Се користи при епилепсија, болки во вратот, ноќно потење, маларија и др.

ShenShu (BL23) - Се наоѓа латерално од спинозниот израсток на вториот лумбален пршлен на меридијанот на бубрезите. Се користи при умор, депресија, вртоглавица, заматен вид, тинитус, енеуреза и др.

DaChangShu (BL25) - Се наоѓа на ниво на долната граница на спинозниот израсток на четвртиот лумбален пршлен, на меридијанот на дебелото црево. Се користи при болки во грбот, ја намалува болката и ја отстранува стагнацијата на Чи енергијата.

Терапијата со вендузи т.е. капинг, најчесто се користи после акупунктура за да се стимулираат акупунктурните точки, да се елиминираат токсините од организмот, да се стимулираат нервите и да се зголеми крвната и лимфна циркулација.

## Резултати и дискусија

Случајот кој е прикажан во трудот е пациент на 62 годишна возраст, по професија боксер, кој после трауматска повреда на главата е дијагностициран со епилепсија. Првиот епилептичен напад го добил во 1982 година. За прв пат во ординацијата се има јавено на 22.04.2007 година и при направената анамнеза и испитувања пациентот е со нормален наод, нормален крвен притисок 120/60 и нормално ниво на шеќер во крв. Пациентот претходно нема користено никакви други терапаии за лекување. Епилептичните напади се јавувале навечер во секое време, најмногу во пролет, со времетраење на нападот од 25 минути. Најдолг период на траење на нападите е 4-5 месеци со 4-5 напади во денот. Нападите се манифестирале со губење на свеста, халуцинации, тресење на рацете и нозете, вртење на телото, губење на чуството за предмети, болки во стокамот, зборување сам со себе, грчење, шлапкање и пенење на устата, вртење со очите, испуштање на крици и паѓање на земјата без чувство за допир, удар, топло и сл. После нападите пациентот чувствувал поспаност, главоболки и болки во мускулите. Со првото доаѓање во ординацијата е направен и првиот третман на 22.04.2007 година. После првиот третман пациентот веднаш изјавил дека забележал промена и дека се чувствува подобро. Во 2007 година од 22.04 заклучно до 26.12 пациентот има направено 60 третмани. Во 2008 година почнувајќи од 02.01 до 24.12 пациентот има направено 47 третмани. Од 2009 до 2011 година пациентот направил пауза бидејќи немал напади и бил во одлична здравствена состојба. Повторно за третман се јавил на 11.01.2012 бидејќи доживеал напад со тресење и губење на свеста. Во 2012 година има направено 39 третмани заклучно до 20.12. во 2013 година пациентот почнал со терапии на 02.02 и има направено 24 терапии до 19.12.2013 година. Во 2014 и 2015 година пациентот редовно доаѓа и прима терапии еднаш неделно превентивно. Во мај, 2015 година пациентот доживела голем стрес при што доживеал и мал епилептичен напад. Во тој период пациентот правел кратка пауза од една недела од терапиите и пиел 4 дена Quan Tian Ma Jiao Nangчај 2 г на ден поради страв и анксиозност од страна на пациентот да не се повтори нападот. Истите податоци се прикажани на табела 1, каде се прикажани годината, датумите и времетраењето на терапиите.

**Табела 1: Датуми на прва и последна терапија во одредена година и број на терапии**

| Година | Почеток | Крај | Број на терапии |
|---|---|---|---|
| 2007 | 22.04 | 20.12 | 60 |
| 2008 | 02.01 | 24.12 | 47 |
| 2009 | Пауза | | |
| 2010 | | | |
| 2011 | | | |
| 2012 | 11.01 | 20.12 | 39 |
| 2013 | 02.02 | 19.12 | 24 |
| 2014 | Една терапија секоја недела (превентивно) | | |
| 2015 | | | |

Од почнувањето на акупунктурните третмание водена евиденција за сите епилептични напади што ги доживеал пациентот. На табела 2 се прикажани датумите кога пациентот ги доживеал нападите, во колку часот и со каков интензитет. Според прикажаните податоци може да се забележи дека нападите секогаш се јавувале во вечерните часови, за време на спиење, а понекогаш и два пати на ден. Со текот на правењето на третманите нападите почнале се поретко да се јавуваат, како и да им се намалува нивниот интензитет. Последниот напад го има добиено на 08.11.2008, од кога и престанале да се јавуваат. Од 2009 до 2012 немал напади и по три годишна пауза од третманите повторно добил напад во 2012 година кога и се јавил пак за третман. Од 2012 година до 2015година годна пациентот немал напади,тој моментално е во одлична здравствена состојба, без појава на епилептични напади.

**Табела 2: Историјат за епилептични напади**

| Датум | Време | Опис на епилептичен напад |
|---|---|---|
| 22.04.2007 | 16 ч. | За време на спиење, паѓање од креветот, тресење и зборување сам со себе, траење на нападот - 10 минути |
| 23.04.2007 | 03 ч. | За време на спиење, тресење на нозете за кратко време |
| 23.04.2007 | 05 ч. | За време на спиење, тресење на нозете за кратко време |
| 26.05. 2007 | 12:40 ч. | За време на спиење, паѓање од креветот и испуштање на крици, траење на нападот - 10 минути |
| 27.05.2007 | 03:20 ч. | За време на спиење, напад со помал интензитет |
| 28.05.2007 | 02 ч. | За време на спиење, напад со помал интензитет |
| 29.05.2007 | 02 ч. | За време на спиење, напад со помал интензитет |
| 30.05.2007 | 04 ч. | За време на спиење, траење на напад - 10 минути |
| 31.05.2007 | 06 ч. | За време на спиење, паѓање од креветот, траење - 30 минути |
| 15.06.2007 | 10:40 ч. | За време на спиење, траење на напад - 10 минути и 30 минути доаѓање при свест, бидејќи зборувал неповрзано |
| 12.07.2007 | 01 ч. | За време на спиење, вртење на телото и испуштање крици, кратко траење |
| 14.07.2007 | 02:30 | За време на спиење, траење на напад - 10 минути |
| 16.07.2007 | 03:15 ч. | За време на спиење, траење на напад - 10 минути |
| 18.07.2007 | 02 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 18.07.2007 | 04 ч. | За време на спиење, отсутен и нервозен, напад - 10 минути |
| 22.08.2007 | 11:30 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 24.08.2007 | 01 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 24.08.2007 | 11:30 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 25.08.2007 | 00:45 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 28.08.2007 | 14:15 | За време на спиење, краток напад |
| 31.08.2007 | 00:45 ч | За време на спиење, краток напад |
| 02.09.2007 | 00:50 | За време на спиење, краток напад |
| 12.09.2007 | 02:30 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 01.10.2007 | 04 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 30.01.2008 | 02 ч. | За време на спиење, траење на напад - 10 минути |
| 08.02.2008 | 02 ч. | За време на спиење, траење на напад - 10 минути |
| 14.03.2008 | 02 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 16.03.2008 | 00:15 ч. | Напладне и за време на спиење, краток напад |
| 16.03.2008 | 03:15 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 26.05.2008 | 12:40 ч. | Напладне, траење на напад - 10 минути |
| 28.05.2008 | 03:20 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 29.05.2008 | 02 ч. | За време на спиење, краток напад |
| 06,07,08.11.2008 | 02 ч. | За време на спиење, краток напад |

Акупунктурниот третман е насочен кон целосно искоренување на причината за болеста, иако понекогаш е потребно повеќе време за да се почуствува ефектот. Оние коишто се држат до третманите имаат подобри шанси кон успех [6]. За една сериозна состојба како што е епилепсијата, акупунктурата дава задоволувачки резултати и значително подобрување на состојбата.

## Литература


1. Epilepsija, Nevroloski zaboluvanja vo starosta. Interna skripta za po predmetot Gerontologija za strucni fizioterapevti. Univerzitet "Sv. Kiril I Metodij", Skopje, 2013.

2. Veljanovski N, Simjanovska M. Epilepsija. Specijalna edukacija I rehabilitacija. 2014;3(4):7-8.

3. Cepreganov M. Epilepsii (definicija, patofiziologija, klasifikacija, epidemiologija, dijagnostika I terapija) [http://www.neuromedica.com.mk] Pristapeno 19/08/2014

4. Xia Y, Chao D. Acupuncture treatment of epilepsy. Current research in acupuncture. 2013; pp 129-214.

5. Stavem K, et al. Acupuncture in intractable epilepsy: lack of effect on health-related quality of life. Seizure. 2000;9:422–426. http://dx.doi.org/10.1053/seiz.2000.0436 PMid:10986000

6. Murphy P. Can Acupuncture Help Epilepsy? 2002 [http://www.healingwell.com]